This project is funded by the European Union

NATIONAL AGENCY
FOR EUROPEAN EDUCATIONAL
PROGRAMMES AND MOBILITY

# САЛУС

## Зајакнување на жените за лидерство и менаџмент

**Приватно обезбедување**



# 2

## Тренинг програма
## за вештини и компетенции
## за женско лидерство и менаџмент

*САЛУС - ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ЗА ЛИДЕРСТВО И МЕНАЏМЕНТ*

# Тренинг програма за вештини и компетенции за женско лидерство и менаџмент



**2024**

***Содржина:***

1. Општи податоци за организаторот на курсот
2. Правни основи за организирање на курсот
3. Оправданост за воведување на програмата
4. Дефинирање на лидерство и менаџмент
5. Улогата на жената и придонесот во приватното обезбедување
6. Цел и задачи на програмата за лидерство и менаџмент за жени во приватното обезбедување
    6.1. Општа цел
    6.2. Конкретни цели и задачи
    6.3. Очекувани резултати и стекнати способности
7. Програма за курсот (предмети за обука)
8. Времетраење на курсот и распоред на предмети
9. Таргет група-слушатели
10. Услови за учество
11. Карактеристики и структура на тренинг програмата
    11.1. Вид на програма
    11.2. Методологија на спроведување на курсот
    11.3. Проверка на знаењето-тестирање на учесниците
    11.4. Евалуација на курсот
12. Основни принципи за учење кај возрасни лица
13. Лица коишто ќе го спроведуваат курсот, обучувачи / предавачи
    13.1. Очекувања од обучувачот како олеснувач на учењето
    13.2. Инструкции за обучувачот пред започнување со курсот
    13.3. Инструкции за обучувачот за време на курсот
14. Теми на предавањата и структура по часови за: Лидерка и менаџерка во приватното обезбедување
15. Теми на предавањата и структура по часови за: Ефикасна и ефективна комуникација
16. Теми на предавањата и структура по часови за: Самодоверба

# 1.ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ОРГАНИЗАТОРОТ НА КУРСОТ

***ОРГАНИЗАТОР НА КУРСОТ***

*Правно лице што врши приватно обезбедување во вид на давање услуги или за сопствени потреби*

***ВИД НА КУРС***

*Дополнителен курс, специјализирана курс за конкретна таргет група*

***СПРОВЕДУВАЧИ НА КУРСОТ (ПРЕДАВАЧИ)***

*Експерти од пракса, со искуство во приватното обезбедување*

*Професори од факултетски институции од областа на безбедноста*

***ПРОСТОР***

*Организаторот на курсот треба да обезбеди материјално-технички услови за спроведување на курсот (просторија, прожектор, лаб-топ, интернет конекција, табла, флип-чарт и сл.)*

***ДРУГИ КУРСЕВИ/ОБУКИ КОИ ГИ РЕАЛИЗИРА ОРГАНИЗАТОРОТ***

*Подготовки за задолжителна курс за стекнување лиценца за приватно обезбедување, специјализирани обуки од сфера на интересите и потребите на приватното обезбедување (обезбедување на спортски натпревари и јавни манифестации, транспорт на пари, патролно обезбедување, начи на примена на јавни овластувања, водење евиденции, заштита на личните податоци итн.)*

## *2.ПРАВНИ ОСНОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КУРСОТ*

Правен основ за организирање на специјализирана курс за приватното обезбедување произлегув а од одредбите од Законот за приватно обезбедување за понуда на квалитетни услуги од страна на кадри кои се карактеризираат со стручност, професионалност и кои постојано се усовршуваат и унапредуваат. Дополнително, треба да се замат во вид и други правни акти, како на пример правилници, упатства, стратегија за развој и сл. кои имаат за цел операционализација на одредбите од законите, но и натамошни препораки за унапредување и стручно усовршување.

Имено, стручноста на работниците за приватно обезбедување првично се верификува со добивањето на лиценца за приватно обезбедување, после полагањето на стручен испит. Сепак, со оглед на потребите, модерните трендови, новите ризици и закани за безбедноста воопшто, неминовно се наметнува птребата од континуирано надоградување на веќе стекнатите, како и совладување на нови знаења и вештини. Во таа смисла, органзирањето на дополнителен, специјализиран курс за унапредување на стручноста на вршителите на дејноста е обврска на секој работник за приватно обезбедување и правно лице коешто врши приванто обезбедување

Со оглед дека во компаниите за приванто обезбедување коишто дејноста ја нвршат во вид на давање услуги недостасуваат специјализирани обуки од областа на лидерство и менаџмент, а врз основа на потребата и значењето на оваа област, евидентна е потребата од креирање на специјализиран курс што ќе придонесе за унапредување на генералните состојби, а со конкретен фокус на жените вработени во

оваа дејност од јавен интерес. Заради наведеното, се препорачува со евентуални идни измени во регулативата за приватното обезбедување да се воведе дополнитлна, специјализирана курс за лидерство менаџмент, која ќе го следи постоечкиот принцип за посетување курс, полагање стручен испит и издавање на Лиценца, а ќе биде наменета за стекнување на знаења и вештини за лидерство  менаџмент во привантното обезбедување, со посебен акцент на карактеристиките на жените.



## *3.ОПРАВДАНОСТ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА*

Во изминатте децении во глобални рамки приватното обезбедување сериозно ја зазема својата респектабилна позиција и улога. Секојдневно работници за приватно обезбедување применуваат јавни овластувања на своите работни места на аеродроми, железници и друг јавен превоз, брани, електрични и нуклеарни централи, образовни институции, шопинг центри, здравствени установи, фармацевтски компании, индустриски капацитети, спортски и други манифестации итн.

Истражувањата покажуваат дека работната сила во секторот приватно обезбедување е доминантно машка, но сепак, во изминатите години забележано е зголемување на жените кои се вработуваат во правни лица за приватно обезбедување и тие постепено си ја заземаат својата рамноправна позиција во приватното обезбедување. Иако тоа претставуваат охрабрувачки сигнали, потребно е да се укаже дека сепак рамноправната застапеност е далеку од посакуваната. Истражувањата покажуваат дека постои непропорционален родова рамнотежа на оперативните и на раководните позиции во правните лица за приватно обезбедување. Според податоцита на Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување во компании за приватно обезбедување се вработени околу 6.000 лица, од кои само околу 7% се жени кај компаниите кои нудат услуги за приватно обезбедување, а бројката на вработени жени на оперативно ниво кај компании со сопствено обезбедување е уште пониска и изнесува околу 5%. Според податоците од Централниот регистар Комората утврдила дека 17% од приватните компании за услуги за обезбедување имаат пставено жена за

управителка. Дополнителен загрижувачки факт е дека само околу 15% жени се пставени на високи и средни раководни позиции (раководител на сектор, надзорник, контролор, лидер на тимот итн) во компаниите за приватно обезбедување, што е далеку пониско во однос на состојбите на глобално ниво, каде процентот на жени на високи менаџерски улоги во 2021 година пораснал на 31% како највисок број досега забележан.

Покрај квантитативните податоци изложени погоре, неопходно е да се укаже и на состојбите и предизвиците со кои се соочуваат жените вработени во приватното обезбедување, пред се во однос на бариери и родова дискриминација во унапредување на лидерски и менаџерски позиции во приватните безбедносни компании. Истражувањата покажуваат дека примери за бариери со кои се соочуваат жените вработени во приватното обезбедување се: лоши практики за регрутирање и унапредување во компаниите, несвесна пристрасност, лоши практики за унапредување на кариерата и лоша култура на работното место/организациска култура во однос на диверзификација на работната сила и вклучување на жените во лидерски и менаџерски улоги, лошо однесување на еднаквост, ставови на соработниците итн.

Во Северна Македонија, жените вработени во приватните компании за обезбедување имаат различен степен на образование. Значителен е бројот на жени со завршено средно образование, или диплома од факултет за безбедност, педагошки и сл. Воедно, во приватните компании за обезбедување има вработено жени со претходно работно искуство во полиција или армија, кои се многу искусни во безбедносните работни места. Сепак, ниту една од наведените категории нема формално менаџерско образование, ниту формално стекнати

менаџерски и лидерски знаења, вештини и компетенции. Треба да се истакне дека во приватниот безбедносен сектор во европски рамки за вршење приватното обезбедување се бара законско обучување (во некои земји со задолжително полагање на стручен испит и стекнување Лиценца). Во нашата држава за вработување во приватно обезбедување е неопходна законски пропишана Лиценца за приватно обезбедување, издадена после завршена обука за 7 предмети, меѓу кои нема предмет од област на менаџмент и лидерство. Во таа смисла, евидентен е недостатокот од знаења за менаџмент и лидерство, што ќе го подобри начинот на работење и ќе овозможи професионален раст и развој и кариерен напредок. Бидејќи, кога жените стануваат лидери, се обезбедува подобра економска положба за нив лично и за нивните семејства, а воедно жените носат таленти, нови погледи, структурна и културна различност во компаниите, што резултира со поголем успех на компаниите. Жените лидерки и на менаџерски позиции служат како рол-модели што е значајно како за напредокот на жените во кариерата, но воедно, тие остваруваат пошироки општествени влијанија во однос на промени во политиките на работното место.

## 4..ДЕФИНИРАЊЕ НА ЛИДЕРСТВО И МЕНАЏМЕНТ

Лидерство значи влијаење на лица да тежнеат доброволно и ентузијастички кон остварување на заедничка цел. Имено, лидерот насочува во кој правец да се движи работатта и во тоа го следат останатите членови на тимот или другите работници. Лидерот ја пренесува својата визија за иднината и ги поттикнува следбениците како учесници во тимот или останатите вработени заеднички да се насочат кон исполнување на поставената цел. Заради се појаснетото, може да се заклучи дека специфични персонални особини на лидерите се: визија, инегритет, цврстина, одлучност, доверба, посветеност, креативност, преземање ризик, комуникациски способности.

Менаџментот се дефинира како универзална активност што се применува во политиката, образованието, стопансктвото, безбедноста, здравството, финансиите и во други сфери од секојдневното функционирање на луѓето и општествата. Во теоријата и праксата се препознаваат различни функции на менаџментото, но постои општ консензус дека како основни се функции на менаџментот се препознаваат: планирање, раководење, организирање, координирање, контрола, мотивирање, насочување, наредување, информирање, комуницирање, одлучување, предвидување, преговарање, креирање, оценување итн.

Евидентно е дека лидерството и менаџментот се две засебни функции, исклучително важни и неопходни за спроведување на воглавно сите активности во профитни и непрофитни организации, но тоа не значи дека меѓусебно се исклучуваат.

Се смета дека основната разликата помеѓу менаџерите и лидерите е методот којшто го применуваат за исполнување на целите на компанијата, но сепак, може да се заклучи дека за компаниите и за вработените најефикасна и најпродуктивна функција е таа што ги инкорпорира менаџментот и лидерството и генерира најголем успех во секој смисол за сите засегнати страни. Оттука, како клучен квалитет кај лицата на раководни позиции се смета вештината на манифестирање на менаџерски и лидерски способности соодветно на потребите и можностите во дадено време.



# 5.УЛОГАТА НА ЖЕНАТА И ПРИДОНЕСОТ ВО ПРИВАТНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Во сите сектори на општеството жените и мажите треба да уживаат исти права и можности. Евидентно е дека во изминатите децении, особено после 1991 год. учеството на жените во работната сила е значително зголемено, принципите на родова еднаквост како човеково прво се пресликани во правниот поредок на современите демократии. Во таа смисла, постојат закони, стратегии, програми и други кти кои ги регулира прашањата за еднакви можности, учество на жените на пазарот на трудот.

Сепак, во исто време, во одредени области се забележува несразменрна застапеност и одредена форма на нееднаквост помеѓу мажите и жените. Токму безбедноста и конкретно, привантото обезбедување претставуваат сектор кој е доминиран од мажи. Истражувањата покажуваат дека се забележува напредок и зголемено вклучување на жените во приватното обезбедување на оперативно ниво, како работнички за приватно обезбедување на аеродроми, концерти, спортски натпревари, болници, училишта, други приватни и стопански објекти. Токму жените вработени на ваквите работни позиции ги надминале сите традиционално вкоренети стереотипи и предрасуди за безбедноста како доминантно мака професија и го заземале своето место во редовите на професионалци кои се гражат за приватното обезбедување на имотот и лицата ширум светот. За жал, ваквите состојби не може да се препознаат во однос на застапеноста на жените во лидерските и менаџерските позиции во компаниите за приванто обезбедување. Истражувања спроведени од Комората на Република Северна Македонија за приватно

обезбедување покажуваат дека само околу 15% од менаџерите во компаниите за приванто обезбедување сед жени, што ја изразува диспропорционалноста и ја отсликува токму нерамноправноста во овој домен.

Оттука, во насока на обезбедување на целосна родова еднаквост на ниво на менаџмент и лидерство во приватното обезбедување потребно е да се земаат предвид интересите, потребите и приоритетите и на жените, и на мажите, да се признае разноликоста на различните групи на жени и мажи со што ќе се придонесе за поголема ефикасност на компаниите за приватно обезбедување во однос на вршење овластувања за обезбедување, но и во насока на зголемена профитабилност и подобрен имиџ накомпаниите. Крајно, вклучувањето на жените во лидерски и менаџерски нивоа во компаниите за приванто обезбедување ќе ја зајакне позицијата на жените во општествата и ќе придонесе за нивна лична зголемена самодоверба и благосостојба.



# 6.ЦЕЛ И ЗАДАЧИ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЛИДЕРСТВО И МЕНАЏМЕНТ ЗА ЖЕНИ ВО ПРИВАТНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Општата цел на курсот и конкретните цели и задачи се утврдени според идентификуваните потреби на жените вработени во приватното обезбедување.

Дополнително, општата цел, конкретнит цели и задачи се насочени и обликувани според дефинираните предмети за курс, со кои жените вработени во правните лица за приватно обезбедување ќе се стекнат и ќе ги надоградат своите знаењата и вештини.



## 6.1 ОПШТА ЦЕЛ

Основната цел на овој курс ќе биде пренесување на знаења за стекнување на вештини и компетенции за напредок на жените на лидерските и менаџерските позиции во правните лица за приватно обезбедување. Со овој курс се тежнее да се придонесе за подигнување на нивото на квалитет на извршување на работите за приватно обезбедување од аспект на менаџирање и лидерство, зголемување на ефикасност и ефективноста, развивање нови сознанија и вештини и развивање на добри практики на постапување. Со оваа општа цел ќе се придонесе за генерално подобрување на родовата рамноправност на менаџерските нивоа во правните лица што вршат приватно обезбедување. Па оттука, се очекува по завршување на овој курс, жените кои се вработени на оперативни позиции во компаниите за приватно обезбедување да имаат основни предуслови за свој напредок на одредена раководна позиција.

Оваа програма е специјално креирана за жените вработени во правните лица за приватно обезбедување, истата е прилагодена и ги зема во вид реалните состојби и предизвици со кои се соочуваат жените во врска со можностите за раст и развој на кариерата и унапредување во компаниите за приватно обезбедување.

## 6.2 КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Овој курс за лидерство и менаџмент на жени во приватно обезбедување ќе обезбеди нови знаења и вештини, како и унапредување на постојните знаења и вештини особено во однос на конкретни аспекти како е подолу наведено.

1. Стекнување знаења и вештини за лидерка и менаџерка во приватно обезбедување во однос на: основен поим за претприемништво, дефинирање на поимите лидерство и менаџмент, разграничување на различни стилови на менаџмент и лидерство; диференцирање на разлики помеѓу менаџер и лидер; карактеристики на менаџмент и лидерство во приватното обезбедување, техники за управување со време, приоретизација, градење тимови и сл.
2. Стекнување знаења и вештини за ефективна и ефикасна комуникација во однос на: општ поим за комуникација, елементи на комуникација, видови комуникација (вербално изразување во професионална околина, невербална комуникација преку движења, држење на телото, гестикулации и др. форми на изразување на порака преку позиција на телото и професионалн пишана комункација во формат на електронска пошта, записник, писмо, договор и сл), повратна информација (фидбек), кризна комуникација и сл.
3. Стекнување знаења и вештини за самодоверба во однос на: поим за самодоверба и самопочит, техники за градење самодоверба.

## 6.3 ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И СТЕКНАТИ СПОСОБНОСТИ

Вештини и познавања кои ќе ги стекнат жените вработени во правни лица за приватно обезбедување, а кои ќе го завршат овој курс, се очекува да бидат следните:

**ВЕШТИНИ И ПОЗНАВАЊА ЗА ЛИДЕРСТВО И МЕНАЏМЕНТ:**

- Разбирање на поимот претприемништво;
- Разликување на принципите на лидерство и менаџмент;
- Способност за примена на соодветни лидерски и менаџерски вештини во дадени околности;
- Креирање на личен стил на лидерство и менаџмент;
- Вештини за креирање и управување со тим, делегирање и координација на задачи.

**ВЕШТИНИ И ПОЗНАВАЊА ЗА ЕФЕКТИВНА И ЕФИКАСНА КОМУНИКАЦИЈА:**

- Создавање сопствен стил на професионална комуникација во приватно обезбедување;
- Развивање на способности за професионално вербално комуницирање во приватниот безбедносен сектор со колеги, клиенти, др. засегнати страни;
- Препознавање на пораки преку држење на тело и основни техники на невербално комуницирање;
- Писмена комуникација во компании (наредба, службена белешка, електронска пошта, записник, договор);
- Способности за давање на повратна информација и позитивно справување со критики;

- Запознавање со основни техники за кризна комуникација;

**ВЕШТИНИ И ПОЗНАВАЊА ЗА САМОДОВЕРБА:**

- Знаења за основен концепт на самодоверба и самопочит;
- Вештина за грижа за себе, самодоверба
- Способност за препознавање на родови улоги, предрасуди, стереотипи и различни форми на родово-базирана дискриминациј;
- Вештина на препознавање на лични предрасуди и нивното влијание во конкретни ситуации;
- Знаења за управување со време и одредување приоритети;
- Способност за самоконтрола, одржување присебност и соодветна реакција во дадена ситуација;



## 7.ПРОГРАМА ЗА КУРСОТ (ПРЕДМЕТИ ЗА ОБУКА)

Тренинг програмата за курсот за лидерство и менаџмент за жени во приватно обезбедување ќе ги опфати следните предмети:

- ***ЛИДЕРКА И МЕНАЏЕРКА ВО ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ***
- ***ЕФЕКТИВНА И ЕФИКАСНА КОМУНИКАЦИЈА***
- ***САМОДОВЕРБА***

## 8.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА КУРСОТ И РАСПОРЕД НА ПРЕДМЕТИТЕ

Овој курс ќе се спроведува во текот на 1 работен ден со следниот распоред:

- Лидерка и менаџерка во приватно обезбедување (4 часа)
- Ефикасна и ефективна комуникација (2 часа)
- Самодоверба (2 часа)

Времетраењето на 1 час е 40 минути.

## 9.ТАРГЕТ ГРУПА - СЛУШАТЕЛИ

Жени вработени во приватно обезбедување за приватно обезбедување;

## 10.УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

Лицето треба да има лиценца за приватно обезбедување.

# 11.КАРАКТЕРИСТИКИ И СТРУКТУРА НА ТРЕНИНГ ПРОГРАМАТА

## *11.1 ВИД НА ПРОГРАМА*

Се работи за специјализиран курс за лидерство и менаџмент, што првенствено ќе се организира за жени вработени во правни лица за приватно обезбеудвање, кои имаат добиено Лиценца за приватно обезбедување.

Овој курс ќе се организира периодично со намера да се развиваат основни знаењата и вештините за лидерство и менаџмент за жените во правните лица за приватно обезбедување. Сепак, врз основа на потребите и состојбите во приватниот безбедносен секто, се препорачува овој курс да служи како основа за креирање на задолжителна курс за лидерство и менаџмент во приватното обезбедување, без оглед дали истиот ќе биде делегиран за спроведување кај правните лица, со нивни интерни капацитети и ресурси, или ќе се осмисли системско решение во кое Комората за приватно обезбедување ќе биде организатор и реализатор на ваквата курс, курс или друѓа форма на тренинг.

## *11.2 МЕТОДОЛОГИЈА*

Курсот ќе се спроведува преку настава во живо, преку: класични предавања со теоретски лекции и објаснување на нпоимите, пауер поинт презентации со визуелни ефекти кон текстот, примери од пракса и искуства, прирачник за лидерство и менаџмент за жени во приватното обезбедување, интеракција, гостин предавач и сл.

## *11.3 ПРОВЕРКА НА ЗНАЊЕТО-ТЕСТИРАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ*

Сите учеснички во овој курс ќе бидат предмет на тестирање заради проверка на знаењето што го стекнале со посетување на курсот за лидерстов и менаџмент. Тестирањето ќе биде спроведено

Писмено или електронски, а зависно од областа, може да се предвиди во конкретниот случај и друга форма на тестирање (усно, комбинирано итн.). Со тестирањето на кандидатките се тежнее сите слушателки да имаат можност да го проценат сопствениот напредок во стекнувањето на знаења и вештини.

## *11.4 ЕВАЛУАЦИЈА НА КУРСОТ*

Организаторот на овој курс ќе спроведува периодични анализи на успехот на курсот. Евалуацијата на успехот ќе се врши врз основа на индивидуално остварените резултати, меѓутоа, по потреба, можно е да се врши евалуација поединечно, по предмет.

Заради ефикасно и ефективно анализирање на резултатите од курсот организаторот може да спроведува изненадна, ненајавена евалуација, преку прашалници и интервјуа, со цел да се добие слика за впечатокот и искуството на целната група, за нивото на знаења и вештини во конкретниот момент.



# 12. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ЗА УЧЕЊЕ КАЈ ВОЗРАСНИ ЛИЦА

Таргет групата за која е наменет овој курс се возрасни лица, кои немаат претходни познавања од областите што се опфатени со курсот, заради што е важно лицата кои ќе го спроведуваат курсот (предавачите) да ги применат следните основни принципи за учење на возрасни лица:

1. *ПРИНЦИП НА ИНТЕРАКТИВНО УЧЕЊЕ*

   Се препорачува избегнување на класично предавање со раскажување на лекција од прирачник и сувопарно пренесување на торетско знаење. Потребно е лицето кое ќе го спроведува курсот (предавач, обучувач) да ја претстави содржината на областа (предметот) и да ги воведе слушателите во материјалот, како и да се овозможи заемна интеракција преку дискусија поставување на прашања, одговарање на прашања и активно вклученување на слушателите во курсот.

2. *ПРИНЦИП НА ДИРЕКТЕН ПРИСТАП*

   Во фокусот на курсот треба да бидат проблемите во врска со конкретната тема. Поточно, наместо фокусот да биде ставен примарно на содржината на темата, потребно е да се остави самите слушатели содржината да ја откријат преку совладување на материјата со решавање на практични проблеми, кои им се блиски од делокругот на работењето.

3. *ПРИНЦИП НА ПОВРЗУВАЊЕ СО ПОРАНЕШНО ИСКУСТВО*

   Најефикасниот начин на прифаќање на новите информации и знаења во секоја сфера и за секоја целна група е преку упатување

на претходно искуство. Во таа смисла, во текот на прнесување на знаења во овој курс неопходно е да се обрати посебно внимание на поврзување на содржината со реални искуства и пракси со кои се соочувале учесничките во курсот. Само на ваков начин, новите знаења и информации тие ќе бидат адекватно прифатени за натамошно применување во секојдневното работење.

4. *ПРИНЦИП НА ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ЗНАЧЕЊЕТО И ВАЖНОСТА*

   Неопходно е содржината и темите на курсот да имаат директна поврзаност со професијата, односно самиот курс да е релевантен за работата на лицата кои го следат.

5. *ПРИНЦИП НА ЕМОЦИОНАЛНА ПОВРЗАНОСТ*

   Еден од методите за учење на возрасни лица е лицето да има можност за време на курсот, да добие информација што нуди решение за одреден проблем со кој лицето претходно се соочило. Научувањето, односно разбирањето како да се реши познатиот проблем предизвикува чувство на задоволство (позитивна емоција). Се смета дека настаните поврзани со добри емоции подолготрајно се паметат, отколку оние што предизвикале непријатни емоции.

6. *ПРИНЦИП НА ИНДИВИДУАЛИЗИРАНО СОВЛАДУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛОТ*

   Учесниците во курсот како возрасни лица веќе имаат оформено определно образование и кај нив постојат уверувања дека знаат

како да учат. Заради тоа, исклучително е значајно лицето кое го спроведува курсот (предавачот) да го насочи процесот на учење на начин што е познат и прифатен од слушателите, а пред се преку нивно вклучување во наставата со цел содржината да биде прифатена на правилен начин.



# 13. ЛИЦА КОИШТО ЌЕ ГО СПРОВЕДУВААТ КУРСОТ (ОБУЧУВАЧИ/ПРЕДАВАЧИ)

## *13.1 ОЧЕКУВАЊА ОД ОБУЧУВАЧОТ КАКО ОЛЕСНУВАЧ НА УЧЕЊЕТО*

Од лицето кое ќе го спроведува курсот (предавач, обучувач) се очекува да биде очеснувач на учењето и да создаде „амбиент“ за учење уште на самиот почеток на курсот. Предавачот/обучувач треба да ги воведе слушателите во содржината на курсот и јасно да покаже силна поврзаност и релевантност на содржините со професијата на слушателките. Потребно е предавачот/обучувачот да укажат на целта на презентацијата и да дозволат учесниците да ги искажат своите гледишта за темата, преку споделување на сопствени искуства. При спроведување на курс за стекнување на знаења на основно ниво, лицето кое ќе го спроведува курсот (предавач, обучувач) треба да очекува повисока пропорција на рационализација, а помала на интелекуализација од страна на учесниците, односно помалку формално знаење наспроти повисокото учество со реакции, емоции и уверувања во врска со обработуваната тема.



### *13.2 ИНСТРУКЦИИ ЗА ОБУЧУВАЧОТ ПРЕД ЗАПОЧНУВАЊЕ СО КУРСОТ*

Потребно е на самиот почеток лицето кое ќе го спроведува курсот (предавач, обучувач) да иницира запознавање на групата со материјата, содржината. Треба да се има во вид дека слушателите немаат претходни знаења од областа, па е потребно соодветно, подетално да се елаборира содржината на курсот.

Потребно е лицето кое ќе го спроведува курсот (предавач, обучувач) јасно да ги елаборираат целите на курсот за секој предмет (област) поединечно, како и за секоја тема.

Лицето кое ќе го спроведува курсот (предавач, обучувач) треба да определи и да им укаже на слушателите какво ќе биде учењето, односно дали ќе биде засновано на знаење, на вештина или на однесување. (Types of learning KSAs: Knowledge, Skills, Attitudes).

### *13.3 ИНСТРУКЦИИ ЗА ОБУЧУВАЧОТ ЗА ВРЕМЕ НА КУРСОТ*

За време на курсот, лицето кое ќе го спроведува курсот (предавач, обучувач) треба да ги преземе следните активности:

- Да се претстави пред учесниците,со својата кратка биографија и професионална експертиза за областа за која ќе врши предавање, што има за цел уште на самиот почеток во групата за да се иницира амбиент за работа и соработка.
- На почетокот на часот да се прикаже темата, методите, начинот на работа, целите кои треба да бидат постигнати со конкретното предавање. Се препорачува целите да бидат таксативно

прикажани, по можност писмено, на табла, флип-чарт или сл. Потребно е на крајот на часот да се врати вниманието на почетните цели за да се утврди дали истите се постигнати.

– Се препорачува лицето кое ќе го спроведува курсот (предавач, обучувач) да применува современи и прифатливи техники, кои ќе обезбедат максимална вклученост и внимание на лицата кои го следат курсот, како на пример: презентации, анализа на конкретни случаи, симулации, дискусии, метод на играње на улоги.
– Да се внимава, кај курс на основно ниво треба да се започнува со усна експликација, проследена со презентација која ќе прикажува слики, видеа, кратки пораки и сл, без долг текст. Потоа, се препорачува да се пристапи кон активно вклучување на слушателите преку, дискусија, играње улоги и сл. Се препорачува на крајот, по пренесување на теоретскит знаења, интерактивното анализирање на содржините преку дискусија, секаде каде што е применливо, да се пристапи кон анализа на конкретен случај од пракса т.н. real case scenario, со што ќе се провери дали и колку е сфатена и научена содржината на материјата што е предмет на курсот.

# 14.ТЕМИ НА ПРЕДАВАЊАТА И СТРУКТУРА ПО ЧАСОВИ ЗА ЛИДЕРКА И МЕНАЏЕРКА ВО ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

***4 ЧАСА***

| ЛИДЕРКА И МЕНАЏЕРКА ВО ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | НАЗИВ НА ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА | ОПИС И ОСНОВНИ ПОТТОЧКИ | ОСНОВЕН МАТЕРИЈАЛ | ТРАЈЊЕ НА ЧАС |
| **1** | Поим за лидерство | Стилови на лидерство<br>Како да станете подобра лидерка?<br>Како да се измери ефективно лидерство?<br>Како лидерките може да ги зајакнат вработените? | Прирачник<br>Power point present<br>Студија на случај | 45 мин |
| **2** | Родова еднаквост и женско лидерство | Улогата и придонесот на жените во компаниите<br>Лидерство и менаџмент за жени | Прирачник<br>Power point present | 30 мин |
| **3** | Поим за менаџмент | Дефинирање на менаџмент<br>Функции на менаџмент<br>Нивоа на управување<br>Стилови на управување | Прирачник<br>Power point present<br>Вежба | 45 мин |
| **4** | Менаџер во приватно обезбедување | Цели на менаџерот<br>Особини на менаџер | Прирачник<br>Power point present | 30 мин |
| **5** | Лидерство наспроти менаџмент | Сличности помеѓу лидерство и менаџмент<br>Разлики помеѓу лидерство и менаџмент<br>Кога да се управува, а кога да се води? | Прирачник<br>Power point present | 30 мин |

# 15. ТЕМИ НА ПРЕДАВАЊАТА И СТРУКТУРА ПО ЧАСОВИ ЗА ЕФЕКТИВНА И ЕФИКАСНА КОМУНИКАЦИЈА

***2 ЧАСА***

| ЕФЕКТИВНА И ЕФИКАСНА КОМУНИКАЦИЈА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | НАЗИВ НА ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА | ОПИС И ОСНОВНИ ПОТТОЧКИ | ОСНОВЕН МАТЕРИЈАЛ | ТРАЕЊЕ НА ЧАС |
| **1** | Дефинирање на процесот на комуниикација | Поим за комуникација<br>Процес на комункација | Прирачник<br>Power point present | 15 мин |
| **2** | Ефикасна комуникација на работно место | Придобифки од ефективна комуникација на работното место<br>Бариери во комункацијата | Прирачник<br>Power point present | 15 мин |
| **3** | Видови комуникација | Вербална комуникација<br>Писмена комуникација<br>Невербална комуникација | Прирачник<br>Power point present, Вежба (играње на улоги) | 25 мин |
| **4** | Поимно определување на конфликт на работно место | Поим за конфликт<br>Што предизвикува конфликт на работно место<br>Техники и вештини за ефикасно решавање на конфликти | Прирачник<br>Power point present | 10 мин |
| **5** | Повратна информација | Фидбек | Прирачник<br>Power point present | 10 мин |
| **6** | Кризна комуникација | Поим за кризна комуникација | Прирачник<br>Power point present<br>Студија на случај | 15 мин |

## 16.ТЕМИ НА ПРЕДАВАЊАТА И СТРУКТУРА ПО ЧАСОВИ ЗА САМОДОВЕРБА

***2 ЧАСА***

| САМОДОВЕРБА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | НАЗИВ НА ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА | ОПИС И ОСНОВНИ ПОТТОЧКИ | ОСНОВЕН МАТЕРИЈАЛ | ТРАЕЊЕ НА ЧАС |
| **1** | Рамнотежа – работен живот со остатокот од себе | Значење на рамнотежа помеѓу работата и приватниот живот<br>Чекори за постигнување рамнотежа помеѓу работата и животот<br>Распоред и планирање на времето | Прирачник<br>Power point present | 30 мин |
| **2** | Самодоверба | Поим за самодоверба<br>Општ поим за стрес и стрес менаџмент<br>Поставување цели | Прирачник<br>Power point present | 20 мин |
| **3** | Техники за градење самодоверба | Зголемување на влијанието во околината<br>Менторство | Прирачник<br>Power point present | 20 мин |
| **4** | Самопочит | Поим за самопочит<br>Емоционална интелигенција | Прирачник<br>Power point present | 20 мин |

SECURITY ОБЕЗБЕДУВАЊЕ MDN

LA CLINIQUE DE PARIS
ANTI-AGING CLINIC SINCE 1978
Dr. Claude Chauchard

center
for risk analysis and crisis management

CHAMBER FOR DEVELOPMENT OF SLOVENIAN PRIVATE SECURITY

This project is funded by the European Union

NATIONAL AGENCY FOR EUROPEAN EDUCATIONAL PROGRAMMES AND MOBILITY